**ЗАПИСНИК**
**од 7-тата седница на**
**Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 12.02.2018 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата**: Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик претседател на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Зоран Фидановски, Лазар Трајчев, м-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска и м-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:/**

Г-дин Петрушевски ја отвори 7-тата седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:10 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 7 гласа „за" го усвои следниот дневен ред:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на предлог-записник од 6-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 08.02.2018 година.

2. Предлог за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување.

3. Предлози за покренување постапки за одземање на дозволата за телевизиско и радио емитување.

4. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и со 1 воздржан глас од г-дин Фетаи и 6 гласа „за" го усвои предложениот записник од 6-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 08.02.2018 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи предлогот за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување. Објасни дека Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп го плати вкупниот износ на надоместокот и од таа причина до Советот се предлага да се запре покренатата постапка.

Г-дин Петрушевски рече дека со задоволство Советот ќе го прифати предлогот за запирање на покренатата постапка, за ТВ Сонце да продолжи и понатаму да работи. Информира дека по неколку дена од завршувањето на седницата кога се покрена постапката, сопственикот на телевизијата во целост го плати надоместокот од 2.768.398,00 денари. Исто така рече како што без дилеми се покрена постапката така и без дилеми ќе се сопре.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-44 од 09.02.2018 година од м-р Драгица Љубевска, овластено лице од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно Овластување бр.03-5754/1 од 28.12.2017 година и едногласно донесе решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп, бр.08-10 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата во износ од 2.768.398,00 (двамилионаседумстоинишеесетиосумилјадиитристадеведесетиосум) денари за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 3**

Г-дин Петрушевски ја отвори дискусијата по точката за предлозите за покренување постапки за одземање на дозволата за телевизиско и радио емитување на пет радиодифузери и објасни дека на дневен ред се 6 медиуми. Предложи за сите предлози да има заедничка дискусија, а потоа поединечно за секој од нив да се гласа.

Помошник раководителот на Секторот за правни и економско-финансиски работи Горан Радуновиќ ги образложи предлозите за покренување постапки за одземање на дозволата за четири телевизии и две радија. Објасни дека овие радиодифузери во законскиот рок од 30 дена од приемот на фактурата не извршиле никакво плаќање за надоместокот за дозволата. Од таа причина се предлага до Советот да се покренат постапките.

Г-дин Петрушевски рече дека и сега ќе се постапи исто како и за сите други медуими претходно во ваква ситуација. Се работи за помали медиуми на регионално и локално ниво. Потенцира до Стручната служба уште денес да ги информираат сите медиуми кои се на дневен ред точно до кога им е рокот за уплата на долгот за да не се дојде до ситуација конечно да им се одземе дозволата.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-66 од 09.02.2018 година од м-р Драгица Љубевска, овластено лице од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно Овластување бр.03-5754/1 од 28.12.2017 година и едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ Кисс, Злате ДООЕЛ Тетово, бр.08-34 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од истиот закон, со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр. 05-729/1 од 09.02.2018 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата, согласно Фактурата издадена од Агенцијата, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ Кисс, Злате ДООЕЛ Тетово, бр.08-34 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а согласно со член 82 став 1 алинеја 6 од истиот закон.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-69 од 09.02.2018 година од м-р Драгица Љубевска, овластено лице од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно Овластување бр.03-5754/1 од 28.12.2017 година и едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Т.В.КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ, бр.08-55 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од истиот закон, со оглед

на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-731/1 од 09.02.2018 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата, согласно Фактурата издадена од Агенцијата, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Т.В.КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ, бр.08-55 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а согласно со член 82 став 1 алинеја 6 од истиот закон.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-68 од 09.02.2018 година од м-р Драгица Љубевска, овластено лице од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно Овластување бр.03-5754/1 од 28.12.2017 година и едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, бр.08-58 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од истиот закон, со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-727/1 од 09.02.2018 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата, согласно Фактурата издадена од Агенцијата, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, бр.08-58 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а согласно со член 82 став 1 алинеја 6 од истиот закон.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-67 од 09.02.2018 година од м-р Драгица Љубевска, овластено лице од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно Овластување бр.03-5754/1 од 28.12.2017 година и едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, бр.08-50 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член

80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од истиот закон, со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-728/1 од 09.02.2018 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата, согласно Фактурата издадена од Агенцијата, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, бр.08-50 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а согласно со член 82 став 1 алинеја 6 од истиот закон.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-71 од 09.02.2018 година од м-р Драгица Љубевска, овластено лице од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно Овластување бр.03-5754/1 од 28.12.2017 година и едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво ХЕПИРАДИО ДООЕЛ Скопје, бр.08-78 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од истиот закон, со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил надоместокот за дозволата за радио емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр. 05- 726/1 од 09.02.2018 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата, согласно Фактурата издадена од Агенцијата, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво ХЕПИРАДИО ДООЕЛ Скопје, бр.08-78 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а согласно со член 82 став 1 алинеја 6 од истиот закон.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-70 од 09.02.2018 година од м-р Драгица Љубевска, овластено лице од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно Овластување бр.03-5754/1 од

28.12.2017 година и едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво СКАЈ РАДИО ПЛУС ДООЕЛ Берово, бр.08-84 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од истиот закон, со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил надоместокот за дозволата за радио емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр. 05-730/1 од 09.02.2018 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата, согласно Фактурата издадена од Агенцијата, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво СКАЈ РАДИО ПЛУС ДООЕЛ Берово, бр.08-84 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а согласно со член 82 став 1 алинеја 6 од истиот закон.

**Точка 4**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр.** 02-742/9
14.02.**2018 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**